Запишувај! Се колнам во Оној во чија Рака е мојата душа, од оваа (устата моја) не излегува ништо освен вистина.‘“

Од Абдулах ибн Амр, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Јас запишував сè што ќе слушнев од Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, со цел да го запомнам. Но, Курејшиите ме спречија и ми рекоа: ‚Зар запишуваш сè што слушаш од Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, а тој е човек кој зборува и кога е лут и кога е задоволен?‘ Поради тоа престанав да пишувам, па му го спомнав тоа на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, а тој со прстот покажа кон својата уста и рече: ‚Запишувај! Се колнам во Оној во чија Рака е мојата душа, од оваа (устата моја) не излегува ништо освен вистина.‘“

[صحيح] [رواه أبو داود]

Абдуллах ибн Амр ,радијаллаху анху, рекол: „Јас запишував сè што ќе слушнев од Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, за да го запомнам преку пишување. Но, некои луѓе од Курејшиите ме спречија и ми рекоа: ‚Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, е човек, зборува и кога е со добро расположение и кога е лут, и може да згреши.‘ Па престанав да пишувам. Му го кажав тоа на Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, па тој со прстот покажа кон својата уста и рече: ‚Пишувај! Се колнам во Оној во Чија Рака е мојата душа — од оваа уста не излегува ништо освен вистина, во сите состојби — и кога сум задоволен и кога сум лут.‘“ Возвишениот Аллах за Својот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, вели: „Тој не зборува по своја волја. Тоа е само објава која што му се објавува.“ (Ен-Неџм: 3-4)

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65077